# „Зголемување на безбедноста во сообраќајот на магистралниот пат М-6 (с. Босилово - с. Турново) преку изградба на тротоари и регулирање и прифаќање на површинските атмосферски води“



Магистралниот пат М-6 поминува низ центарот на населените места Босилово и Турново и води кон граничниот премин Ново Село и Р. Бугарија, а понатаму и кон другите држави. Затоа фрекфенцијата на овој патен правец е голема и секојдневно се користи за движење на тешки товарни возила, автобуси и автомобили за внатрешен и меѓународен превоз на стока и патници.

Во овие населени места Босилово и Турново безбедноста на пешаците во сообраќајот е на ниско ниво, бидејќи тротоарите ги нема или ако има не се во согласност со стандардите, со што е отежнато движењето од двете страни на магистралниот пат од страна на граѓаните на тие населени места што доведува до зголемување на сообраќајните незгоди.

Од друга страна, количеството на вода која што се создава при појава на обилни врнежи, се задржува на коловозните ленти, при што придонесува кон загрозување на сообраќајот и безбедноста на пешаците.

Со овој проект ќе се овозможи изградба на бекатонски пешачки патеки и поставување на бетонски сливници и одводни канали со што ќе се зголеми безбедноста на пешаците и ќе се намали ризикот од сообраќајни незгоди.

## Краток преглед на проектот:

### Носител на проектот:
- Центар за развој на Југоисточниот плански регион

### Проектни партнери:
- Општина Босилово
- Општина Ново Село

### Времетраење:
7 месеци

### Финансиран од:
- Биро за регионален развој
- Центар за развој на Југоисточниот плански регион
- Општина Босилово
- Општина Ново Село

### Цел на проектот:
Општа цел на овој проект е зголемување на безбедноста на граѓаните од населените места Босилово и Турново

### Контакт:

Филип Атанасов
Ул. Боро Џони Бр. 10
2400 Струмица
Моб. 070/248-970
Тел./Факс 034/ 340-139
E-mail: fillip.atanasov@rdc.mk


ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА ЈУГОИСТОЧЕН РЕГИОН



### Цели на проектот

- Зголемување на безбедноста на граѓаните од населените места Босилово и Турново;
- Изградба на пешачки патеки – тротоари во населените места Босилово и Турново
- Поставување на сливници за одлив на атмосферските води

### Очекувани резултати

- Зголемена безбедност на жителите од с. Босилово и с. Турново;
- Намален број на сообраќајни незгоди;
- Изградени пешачки патеки;
- Поставени сливници и шахти;
- Подобрен квалитетот на живот на населението од с. Босилово и с. Турново.